**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-158/2
26.04.2024 година

| **ООУ„Гоце Делчев“ – Општина Центар** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 26 – 28.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 4/скопски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Соња Миладинова |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Општина Центар |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 455 |
| **Полова структура на ученици:** | 230 машки и 225 женски |
| **Број на наставници:** | 37 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Давор Пашоски |
| **Директор на училиштето:** | Маја Ангелова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28 – 30.01.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„Мито Хаџивасилев –Јасмин“, Градски ѕид, бр.34, Општина Центар - Скопје |
| **Телефон:** | / |
| **Веб страна:** | www.gocedelcev.edu.mk |
| **e-mail:** | gocedelcevsk@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | Добро (3,36) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024 година и Законот за просветната инспекција, во периодот од 26 до 28 февруари 2024 година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Гоце Делчев“ – Општина Центар.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во ООУ„Гоце Делчев“ – Општина Центар е добро[1] (3,36).

Во ООУ,,Гоце Делчев“ –Општина Центар воспитно-образованата работа се остварува според наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно-образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до девтто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието.

Во училиштето има 17 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 11 ученици работаат според ИОП, со еден се работи по модифицирана програма, а за 5 ученици не се изготвува ИОП, но се работи со диференциран пристап.За поддршка на учениците со посебни образовни потреби за учебната 2023/2024 година, преку посебното основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ обезбедени се 7 образовни асистенти, а 2 лични асистенти се ангажирани преку Општина Центар. Со Одлука бр.02-44/1 од 12.02.2024 година донесена од директорот на училиштето формиран е училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште и работи според изготвена програма која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.За сите ученици со посебни образовни потреби согласно со проценката од МКФ постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор кој четири дена неделно е присутен во училиштето, а еден ден дополнува во друго училиште. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Двапати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Гоце Делчев“ – Општина Центар има склучено Договор за соработка заведен со бр.03-237/1 од 21.06.2021 година со посебно основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ од Скопје за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година изготвен е Акциски план за работа за поддршка на учичилиштето од страна на ресурсниот центар заведен со бр.03-135/1 од 20.02.2024 година.

Училиштето планира и реализира активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во таа насока, склучен е меморандум за соработка со ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ од с.Долно Количани, Општина Студеничани со настава на турски и албански наставен јазик заведен со бр.03-130 од 06.10.2023 година.На

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

редовните часови, во рамки на образование за животни вештини се реализираат работилници преку кои учениците се оспосбуваат да ги прифаќаат различностите меѓу луѓето. Училиштето планира и реализира заеднички активности со партнер училиштето во рамки на воннаставните активности како на пример спортски натпревари, заедничко прославување на патрониот празник, посета на Музејот на Кемал Ататурк во Битола, дегустација на македонска и турска кујна и друго. Со Решение бр.12-4183/42 од 04.03.2021 година донесено од Министерството за образование и наука, училиштето добило грант за реализација на активностите кои придонесуваат за унапредување на мултикултурализмот.

Училиштето има регистриран училишен спортски клуб со целосен назив „Здружение за спорт и спортски активности УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ ГОЦЕВИ SВЕЗДИЧКИ 2023 Скопје“, заведен во Централниот регистар на РСМ со дел. бр.175020230007590 од 07.09.2023 година. Активностите на училишниот спортски клуб вклучуваат тренинзи по кошарка и одбојка и моторички вежби со учениците од прво одделение.

Средниот успех на учениците во последните три учебни години е одличен (4,96). Во учебната 2020/2021 година е 4,96; во учебната 2021/2022 година е 4,95 и во учебната 2022/2023 година е 4,96.

Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 2109, од кои 60 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,12 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 4184, од кои 11 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,02 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 7121, од кои 29 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,06 неоправдани изостаноци по ученик.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот педагог. Во учебната 2021/2022 година, реализирани се 3 (три) советувања на родители и ученици по основ на несоодветно однесување, а во учебната 2022/2023 година, реализирани се 2 (две) советувања на по основ на намален успех и 2 советувања по основ на нередовно посетување настава. Во учебната 2023/2024 година, до моментот на спроведување на интегралната евалуација, реализирани се само индивидуални разговори со ученици и родители.

Од технички помагала училиштето располага со 12 фукционални компјутери (работни места), распоредени во кабинет по Информатика, 16 ЛЦД проектори, 20 лаптопи за наставници и администрација, 10 принтери и 11 интерактивни табли. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата. Учењето и наставата се реализира согласно новата национална концепција. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, пропишан протокол за намалување на насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање, но такви појави не се регистрирани во училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци и на видни места има поставено апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелката во рамките на одделенските часови ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите.

Училиштето има современи услови и пропишани процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот на училиштето е приспособен на евентуални потребите за ученици со физичка попреченост. Училиштето има пристапна рампа, има лифт со достапност до сите спратови на училиштето. Исто така извршена е адаптација на два тоалети за потребите на учениците со физичка попреченост.

Во училиштето има училишна кујна со трпезарија во која се врши подготвување и послужување на храна, топол оброк: појадок, ручек и ужина за учениците од продолжен престој. Училиштето има склучен договор за закуп на училишната кујна, помошна просторија со трпезарија, како и послужување на топол оброк и ужинки за учениците со фирмата ДПТУ „СТАРА ВАНИЛА“- Скопје, заверен со дел.бр.03-359/1 од 01.09.2022 година. Редовно се вршат хигиено-санитарни увиди и се следи квалитетот на храната во училишната кујна .

Училиштето ја подржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.

Училишната зграда се состои од триката со вкупна бруто површина од 679 м2 (основа на објектот). Училишниот двор е со површина од 1858 м2 и во истиот има спортски терен и кошаркарско игралиште, на површина од 70 м2.

Училиштето располага со 12 училници и 10 кабинети, фискултурна сала (со две соблекувални и тоалети) библиотека, наставничка канцеларија (помошна наставничка канцеларија), просторија за деца со посебни потреби (Сензорна соба), училишна кујна со трпезарија, 5 административни простории (директор, педагог, секретар-сметководител, дефектолог и домаќин), просторија за технички персонал, просторија за хаусмајстор и магацинска просторија. Во училиштето има вкупно 8 санитарни јазли, кои ги задоволуваат хигиено-техничките стандарди. Дворот на училиштето е целосно заграден.

Загревањето на училишниот објект е со централно греење.

Училиштето располага со стручна литература, наставни нагледни средства и други технички помагала која соодветствува со современите наставни текови по најголем дел од наставните предмети.

Училишната библиотека располага со вкупно 8750 примероци на книги, односно располага со повеќе од 5 книги по ученик и тоа: 900 лектирни изданија, 300 стручна литература, 1500 странска литература, 6050 белетристика, атласи, речници, лексикони, едиклопедии и друг број на наслови 4130. Од вкупниот книжен фонд 600 се актуелни лектирни изданија и истите во целост ги задоволуваат потребите на учениците. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотекарот е ангажиран на половина од работното време (со 10 наставни часови). Има и два наставници кои се ангажирани во библиотеката за дополнување до полно работно време. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 8,00 до 15,00 часот. Библиотечната евиденција ја води во инвентарна книга и електронски.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 37 наставници од кои 2 врз основа на склучен договор надополнуваат фонд во училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во други училишта. Од нив 31 се вработени на неопределено работно време, а 4 се на определено работно време Двајца наставници се приправници и

за нив е назначен ментор и тоа наставникот во училиштето кој се стекнал со звање наставник -ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставнта програма. Училиштето постапува согласно со законската регулатива при реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има стручен соработник педагог.

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива.

Раководен орган на училиштето е Директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.09-3923/6 од 26.10.2020 година од Градоначалникот на Општина Центар, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите чинители вклучени во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето.

За планирање и реализирање на воспитно-образовната работа во учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 година, заведена со дел. бр.01- 335/3 од 13.07.2023 година, разгледана и усвоена со Одлука Бр.02-335/1 од 13.07.2023 година од Училишниот одбор, донесена од Советот на Општина Центар со Одлука бр.08-3888/12 од 31.08.2023 година. Донесената годишна програма е доставена до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма.

Училиштето има изготвено Програма за развој за периодот од 2023 до 2027 година заведена со дел.бр.02-453/1 од 12.10.2023 година, донесена со Одлука бр.02-20/18 од 09.10.2023 година на Училишниот одбор. Извештајот од развојната програма е објавен на веб страната на училиштето www.gocedelcev.edu.mk.

Училиштето има спроведено самоевалуација за периодот 2021-2023 година, во која се опфатени учебните 2021/22 и 2022/23 година, заведена со дел.бр.01-403/1 од 18.09.2023 година. Извештајот од Самоевалуацијата е разгледуван и усвоен со Одлука Бр.02-20/4 од 19.09.2023 година од Училишниот одбор. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата електронски е доставен до Државниот испитен центар. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страната на училиштето.

Воспитно – образовната работа на ООУ „Гоце Делчев“ – Општина Центар е уредена со Статут заведен под дел.бр.01-277/1 од 10.12.2019 година, донесен со Одлука Бр.02-384/6 од 27.02.2020 година од Училишен одбор и со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение УП1 18-287 од 05.02.2020 година. Изршена е измена и дополнување на наведениот статутот со Одлука бр.02-16/7 од 13.05.2022 година од Училишниот одбор, со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение УП1 18-1484 од 18.07.2022 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ„Гоце Делчев“ се наоѓа во општина Центар со седиште на Градски ѕид бр.34. Реонот на училиштето е утврден со Одлука бр.03-212/1 од 01.04.2021 година донесена од Советот на Општина Центар.

Училиштето е основано од Собранието на општина Идадија со Решение бр.08-25629 од 28.12.1965 година под име Основно училиште „Владимир Илич - Ленин“ – Скопје. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение Бр.15-2218 од 26.06.1984 година од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура на Собранието на општината Центар.Со Одлука Бр.02-112 од 15.06.1993 година од Совет на училиштето извршена е промена на називот на училиштето од ОУ„Владимир Илич – Ленин“ – Скопје во ОУ„Гоце Делчев“ – Ц.О.Скопје. Промената на називот на училиштето е упишана во Окружен стопански суд – Скопје , број на регистарската влошка 1-332-0-0-0, срег. Бр.10377/93.

Со Одлука Бр. 19-2326/1 од 22.06.2005 година од Владата на Република Македонија објавена во Службен весник на Р.Македонија бр. 51 од 2005 година, основачките права и обврски над училиштето се пренесени на Совет на општина Центар. Со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот заведена под дел. бр.02-250/1 од 07.06.2012 година од Училишен одбор, со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение бр.19-3803/4 од 20.06.2012 година името на училиштето е променето од ОУ„Гоце Делчев“ – Центар во ООУ„Гоце Делчев“.

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик во една смена.

Во учебната 2023/2024 година се остварува воспитно-образовна работа со 455 ученици распоредени во 19 паралелки.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ „Гоце Делчев“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работа на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Во училиштето има вкупно 17 ученици со посебни образовни потреби, од кои, за 14 ученици добиена е стручна проценка на функционалности според МКФ. Согласно со добиената проценка, со 11 ученици се работи според ИОП, со еден ученик се работи по модифицирана програма и за двајца ученика, нема дадени препораки да се работи со ИОП и со нив се работи со диференциран пристап. Исто така, има тројца ученика со потешкотии во учењето кои се детектирани од страна на наставниците и стручната служба, но немаат соодветна документација и со нив се работи со диференциран пристап. Со Решение бр.02-45/2 од 12.02.2024 година донесено од директорот на училиштето формиран е училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште и работи според изготвена програма која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Двапати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ „Гоце Делчев“ има склучено Договор за соработка со Посебното основното училиште со ресурсен центар ПОУРЦ „Иднина“ од Скопје за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование.

За учебната 2023/2024 година изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето од страна на ресурсниот центар кој вклучува и обезбедување поддршка од 7 образовни асистенти за 11 ученици. Има и два лични асистенти ангажирани од Општина Центар.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Во ООУ „Гоце Делчев“ се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите од редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, според изготвен распоред за дежурства. Реализирањето на продолжениот престој е во согласност со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка донесено од Министерот за образование и наука и се организира од прво до трето одделение и во две комбинирани паралелки со ученици од четврто одделение.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем . Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ – Општина Студеничани, заведен со бр.03-468/1 од 26.10.2023 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Училиштето има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите програми за работа што ги реализираат и наставниците. Поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на

образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички вонаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето има добиено грант од МОН за што е донесено Решение бр.12-4183/42 од 04.03.2022 година и тековно се реализираат предвидените активности.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во вонаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците и групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество и во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2020/2021 година учениците освоиле 58 награди на општински натпревари, 41 награди на регионални натпревари и девет награди на државни натпревари, во учебната 2021/2022 година учениците освоиле 59 награди на општински натпревари, 67 награди на регионални натпревари и три награди на државни натпревари, во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 57 награди на општински натпревари, 66 награди на регионални натпревари, 18 награди на државни натпревари. Во изминатите три години училиштето има и освоено и една награда на меѓународен натпревар, а во учебната 2022/2023 година два ученика освоиле прво место на државен натпревар по Македонски јазик и Биологија со најмногу освоени поени во РСМакедонија и се стекнале со право на награди и од Министерството за образование и наука.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. За афирмирање на вонаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, веб страната на училиштето и веб страната на општината.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Центар и Советот на родители, тековно се реализираат предвидените ученички екскурзии. На предлог на Училишниот одбор и Советот на родители, наместо реализација на еднодневен есенски излет во ТЦ Рамстор, во соработка со Општина Центар бил организиран хуманитарен базар за лекување на ученикот Леонид Индов. За таа цел биле организирани и уште две хуманитарни акции и собраните средства биле уплатени за лекување на ученикот.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето има училишен спортски клуб „Гоцеви ѕвездички 2023“ – Скопје регистриран во Централен регистар на РСМакедонија со Решение со Број 2005-50/175020230007590 од 29.09.2023

година. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација училишниот спортски клуб е активен, а се застапени спортовите одбојка и кошарка.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во последните три учебни години е одличен (4,96). Во учебната 2020/2021 година е 4,96; во учебната 2021/2022 година е 4,95 и во учебната 2022/2023 година е 4,96.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава, почесто по предметите по кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за

учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности (наставни и вонnаставни) со ученици од мешан етнички состав во соработка со партнер училиштето. Заеднички планираат и реализираат воннаставни активности во вид на работилници и презентации, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и традицијата на македонскиот, албанскиот и турскиот народ.

Ученици од училиштето земаат големо учество на конкурси на објавен јавен повик од Општина Центар која доделува стипендии за талентирани ученици од областа на: наука, култура и спорт, како и стипендија за ученици од семејства во социјален ризик. Во изминатите три учебни години, основачот има доделено вкупно 28 стипендии на ученици од ООУ ,,Гоце Делчев“-Општина Центар.

### 2.2 Задржување / осипување на ученици

Со Одлука бр.08-1485/42 од 14.03.2019 година донесена од Советот на Општина Центар утврдени се реоните на основните училишта на територијата на општината. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, посета на градинки, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Изготвен е правилник за запишување ученици во прво одделение усвоен од училишните органи во кој е содржана процедурата и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и го известува државниот просветен инспектор за незапишаните ученици. Училиштето располага со податоци каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето само за оние ученици за кои средните училишта доставиле такви податоци. Располага со податоци за ученици од минатата учебна година, обезбедени од средните училишта во кои се запишале. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 2109, од кои 60 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,12 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 4184, од кои 11 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,02 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 7121, од кои 29 изостаноци се неоправдани или вкупно 0,06 неоправдани изостаноци по ученик. Мал е бројот на неоправдани изостаноци на учениците и според изготвените споредбени анализи, во последните три учебни години поведението на учениците е примерно. Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот педагог. Во учебната 2021/2022 година, реализирани се 3 (три) советувања на родители и ученици по основ на несоодветно однесување, а во учебната 2022/2023 година, реализирани се 2 (две) советувања на по основ на намален успех и 2 советувања по основ на нередовно посетување настава. Во учебната 2023/2024 година, до моментот на спроведување на интегралната евалуација, реализирани се само индивидуални разговори со ученици и родители. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Педагогот ги следи резултатите од советувањето. Според статистиките и анализите кои ги изготвува може да се заклучи

дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти. Во училиштето мал е бројот на осипани ученици. Во последните три учебни години, тој број не е поголем од 10 ученици и нема примери на ученици повратници. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, до моментот на надзорот вкупно 60 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 40 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на учениците

Од увидот на правен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во годишните и тематските планирања на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар ПОУРЦ „Иднина“ при нивната изработка. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа со учениците од седмо до деветто одделение изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа од прво до шесто одделение изработуваат сценарио за наставен час, тематски процесни планирања и неделни планирања во одделенска настава во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година изготвени од Бирото за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот и кај поголем дел од нив планирани се диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во поголем дел од планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните

чекори во учењето. Наставникот со звање наставник ментор има изготвено програма за работа со двајца наставници приправници.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта и со поддршка од стручните соработници. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за одделенска и предметна настава го изготвува педагогот во соработка со одговорните наставници на активите од одделенска и предметна настава. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на поголем дел од наставниците, вклучувајќи ги и наставниците кои дополнуваат фонд во училиштето.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, како и во парови или во групи. Наставниците главно користат различни приоди зависно од индивидуалните способности за учење на учениците и планираат диференцирани цели согласно потребите на учениците во паралелката. За време на наставниот час во паралелките каде има ученик со посебни образовни потреби, диференцираните активности, учениците со ПОП главно ги реализираат самостојно со образовниот асистент, со помала вклученост на наставникот. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците применуваат наставни техники кои придонесуваат за зголемување на интеракцијата на часот и го подобруваат вниманието на учениците, особено во одделенска настава.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани голем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплементација на Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука извршено е неопходно опремување на училиниците со паметна (смарт) табла или друга ИКТ опрема како што е предвидено со наставната програма.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго. Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми. Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни. Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата. Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Сите наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а согласно потребите, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи - евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на е-дневникот, при што од родителите се бара електонски да го потврдат приемот на евидентниот лист. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има интерен акт, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Планот со шематски приказ на просториите е истакнат на повеќе видни места во училиштето. Низ ходниците на училиштето истакнати се стрелки со насоки за движење во случај на елементарна

непогода. На ден 12.10.2022 година во соработка со Црвен Крст е реализирана симулациска вежба „Евакуација од земјотреси и пожари“, за што има детелна документација од спроведената активнсот. Имено, на ден 20.12.2022 година е спроведена вежба за евакуација на сите ученици, наставници и вработени во училиштето во случај на пријава на бомба, експлозивна направа. Училиштето поседува пакет средства за прва помош и има девет обучени лица за давање прва помош и едукативни активности за прва помош во основните училишта. Исто така, училиштето има спроведено и други бројни активности во соработка со Црвен Крст во однос на хиуманитарни акции и обуки за слични актуелни потреби. Еден особено важен дел е приспособувањето на поголемите ученици во случај на итност да дадат помош на свои соученици.

Опремата на училиштето за справување со пожари е поставена на достапни места и добро распоредена низ училиштето, вкучувајќи ги и библиотеката и фискултурната сала. Училиштето поседува документација од надлежна и овластена институција за извршено сервисирање на 19 ПП апарати, сервисирани на ден 08.11.2023 година. Располага со 4 хидранти (сите се во исправна состојба) и громобрановата инсталација.

Постојат осигурителни полиси за учениците, вработените и училишниот имот и опрема. Училишниот објект е осигуран од основачот, општина Центар, со полиса бр.080000082462 од АД „Осигурителна полиса - Национална групација за осигурување“, со важност до 12.05.2024 година за пожар и компјутери, додека со Полиса бр. 080000082461 од АД „Осигурителна полиса - Национална групација за осигурување“, со важност до 12.05.2024 година за градежен обејкт, мебел и техничка опрема.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, пропишан протокол за намалување на насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање, но такви појави не се регистрирани во училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Училиштето има ангажирано физичко обезбедување преку општина Центар, а постои и патролно набљудување во ноќните часови, викенди и за време на празници преку фирмата „2 СС Дооел Кичево“ агенција за обезбедување. Се спроведуваат и редовни дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци и на видни места има поставено апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелката во рамките на одделенските часови ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите.

Во училиштето има училишна кујна со трпезарија во која се врши подготвување и послужување на храна, топол оброк: појадок, ручек и ужина за учениците од продолжен престој. Училиштето има склучен договор за закуп на училишната кујна, помошна просторија со трпезарија, како и послужување на топол оброк и ужинки за учениците со фирмата ДПТУ „СТАРА ВАНИЛА“- Скопје, заверен со дел.бр.03-359/1 од 01.09.2022 година. Редовно се вршат хигиено-санитарни увиди и се следи квалитетот на храната во училишната кујна што се потврдува од записниците од извршените инспекциски надзори од надлежни институции. Не е забележана појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Други училишни простории кои училиштето ги издава и за кои постои уредна документација со склучени договори за закуп, и тоа: за користење на термини за закуп на фискултурната сала склучени се договори со: ПСУ Алгоритам центар – Скопје, ЗРСГ Ритмико пируета Скопје, приватно лице Ненад Констиновиќ, ЗОК Јанта Волеј, КК Водно санс, ТДТПУ Бета шпед Доо Увоз извоз Илинден – Скопје, приватно лице Бојан Петрушевски, ЗГ Арабеск Балет Прима – ЦРБУ – Штип, ДТКУ Интелегент Нетворк

Солушн ДОО Скопје, приватно лице Марјанчо Митушевски, ДПТТУ ГМ 24 Фит Дооел Увоз извор Берово, приватно лице Дамјан Манчевски. Училиштето издава и 3 училници, и тоа на

ДТУП Џампинг клеј Дооел Скопје, ДИСЈТУ Пикадили С – Скопје, ДОКСЈППУ Челинџ – Скопје. Издавањето на просторот под закуп е согласно законските регулативи, а добиените средства се контролирани од општина Центар и наменски се користат.

Училиштето има современи услови и пропишани процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот на училиштето е приспособен на евентуални потребите за ученици со физичка попреченост. Училиштето има пристапна рампа, има лифт со достапност до сите спратови на училиштето. Исто така извршена е адаптација на два тоалети за потребите на учениците со физичка попреченост.

Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон учениците.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Подовите во училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат секојдневно по два пати во денот. Мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Тоалетите во училиштето редовно се одржуваат и се чисти и дезинфицирани во секое време од денот.

Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училишниот двор, кој е целосно ограден, поставени се корпи за селектирање на отпад.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор. Последната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 02.02.2024 година, за која е приложен доказ, Потврда издадена од Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација „СТАРС“ - Скопје.

Редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени во училиштето во соработка со Поликлиника Медика – Кр.Паланка, подружница Скопје, а последниот преглед е извршен во 08.02.2024 година. Најголем дел од вработените се осигурани од незгода со осигурителна полиса во осигурителната компанија „Уника лајф“ АД Скопје Друштво за животно осигурување. Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката при евентуална потреба од таков третман.

Согласно воспоставените еко - стандарди спроведени се точки на акција за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана и контрола на внес на шеќери, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл. Во рамки на Проектот ,,Земја на сонцето, овошјето и лековитите билки‘‘, а во соработка со нутриционист, изработена е брошура со рецепти за здрава храна ,,Вкусно, повкусно, највкусно‘‘, се со цел да се создадат навики за правилна и здрава исхрана.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно за нивната идна професија. Согласно конкурсот за запишување во средните училишта им се даваат конкретни совети за идната професија. Општи информации за понатамошното образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Истовремено учениците учествуваат на разни презентации организирани од страна на средните училишта кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив.

Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај децата се откриваат при уписот и преку разговор со нив или со нивните родители, од страна на одделенските раководители и стручната служба. По потреба, стручните соработници ги упатуваат родителите до релевантни медицински установи.

### 4.4 Следење на напредокот

Училиштето во целина го следи напредокот на учениците, за индивидуалниот напредок преку дневник на паралелка, евидентни листови и личната евиденција на наставниците. Педагошката служба води евиденција за напредокот на учениците за прво и за трето тромесечие и за успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година. Од аспект на мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати училиштето секое тримесечие избира најдобар ученик во секоја паралелка, избраните ученици се фотографираат и се прави табло за најдобри ученици истакнато на влезот на училиштето. Педагошката служба во случаеви кога успехот е послаб, со учениците се прават консултации и во соработка со стручната служба, предметните наставници и родителите, каде се вложуваат напори за подобрување на успехот.

За претходните три учебни години постојат извештаи за успехот и поведението на учениците од кои се изготвуваат анализи за напредокот на учениците по одделенија и паралелки. Изготвените извештаи и компаративни анализи кои ги изготвува стручната служба, целосно се достапни за наставниците, родителите и за учениците. Резултататите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

ООУ „Гоце Делчев“ е препознатливо според квалитетот на работа и постигнатите резултати на учениците во различни области како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите и обратно. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки и меѓуколегијални односи.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале претставници од сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на настава и воннаставните активности и се сензибилизирани за работа со деца со попреченост. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на соодветно ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот и етничката припадност се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето, информирани се и знаат доколку има потреба од каква било помош, знаат каде да се обратат зависно од потребата. Училиштето соодветно го применува правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.

Училиштето има формирано училишна заедница избрана на демократски начин која функционира според изготвена Програма за работа на училишната заедница. Учениците се навремено информирани и учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат во носењето на одлуки што се од нивен интерес. Во соработка со одговорниот наставник, редовно се води евиденција за одржаните состаноци на ученичката заедница. Исто така, ученичката заедница се занимава и со следните активности: „Другарство“, „Надминување на различностите“ , „Врсничко насилство или Булинг“, „СТОП на насилството“, „Биди КУЛ на свој начин“, „Зависности и болести на зависности“ и „ Конфликти и нивно разрешување “.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето особено внимание посветува на промовирање на личните постигањата на учениците преку доделувања награди и пофалници на денот на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалбата како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето и вонnаставните активности. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање и мотивирање на личните постигања на секој ученик. На крајот од секоја учебна година се избира ученик на генерација. Училиштето има изготвено и Правилник за ученик на генерација и изготвени критериуми за избор од страна на општина Центар. Ученикот кој е првенец добива награда „Ваучер“ кој може да биде искористен во книжарница и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и освоени се голем број награди во различни области преку кои учениците и наставниците го промовираат училиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано промовирање и реализирање на МИО и ЕКО активности.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат и ги развиваат своите права и демократски вештини, со цел и заштита во случај на нивно нарушување.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките, социјалните и интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработени, ученици, родители).

Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Има обучени наставници кои учествувале на „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“ и извршена е дисеминација на останатиот наставен кадар. Заради негување на мултикултурализмот планираат, организираат и реализираат заеднички наставни и воннаставни активности со партнер училиштето ООУ,,Кемал Ататурк“, с. Горно количани, општина Студеничани. Со нив, со групи од хетероген состав се реализирани голем број заеднички работилници и дебати на кои присуствувале ученици, наставници и родители од двете училишта.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Раководниот и наставниот кадар се во солидна комуникација и соработка со родителите и активно се вклучени во училишниот живот, а особено во воннаставните

активности. Училиштето применува организирани методи и постапки за соработка со родителите и тоа: индивидуални формални и неформални средби со родители, родителски средби, приемни денови и на отворен ден за родители, како и по иницијатива на самите родители. Покрај членувањето во советот на родители, има пропишани демократски процедури за изборот на претставници на родителите како членови на Училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Локалната заедница редовно се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето прави напори да оствари добра партнерска соработка со деловната заедница. Постојат повеќе примери за успешна соработка преку граѓанскиот сектор како и соработка со училишта на меѓународно ниво. Во рамки на проектот „Герман Фајлс“ и проектот ,,Билките на баба‘‘, реализирани се заеднички активности и размена на искуства со партнер училиштата ,,Oberlandschulen‘‘ од Вајхајм, Германија и Еразмус проект „We are equal, tolerant and cool“ во период од 01.09.2022 до 29.02.2024 година.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда се состои од триката со вкупна бруто површина од 679 м2 (основа на објектот) и училишен двор во износ од 1858 м2.

Училиштето располага со 12 училници и 10 кабинети, фискултурна сала (со две соблекувални и тоалети) библиотека, наставничка канцеларија (помошна наставничка

канцеларија), просторија за деца со посебни потреби (Сензорна соба), училишна кујна со трпезарија, 5 административни простории (директор, педагог, секретар-сметководител, дефектолог и домаќин), просторија за технички персонал, просторија за хаусмајстор и магацинска просторија. Во училиштето има вкупно 8 санитарни јазли, кои ги задоволуваат хигиено-техничките стандарди. Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска инсталација, 4 хидранти и 19 ПП-апарати сервисирани и атестирани од овластена фирма со издаден Стручен наод.

Училишниот двор е со површина од 1858 м2 и во истиот има спортски терен и кошаркарско игралиште, на површина од 70 м2.

Воспитно образовната дејност се реализира во едно училиште, без подрачни училишта.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава според стадардите и Нормативот.

Просторниот капацитет овозможува реализација на точките на акција опфатени со предвидените проектни активности. Активностите во поглед на воспоставените стандарди се спроведуваат согласно планираната динамика за реализација на овие активности.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература, наставни нагледни средства и други технички помагала која соодејствува со современите наставни текови по најголем дел од наставните предмети. Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема за потребите во одделенска и предметна настава и според утврдените приоритети и финансиските можности врши нивна набавка и нивно одржување и сервисирање, како и преку донации. Од технички помагала училиштето располага со 12 фукционални компјутери (работни места), распоредени во кабинет по Информатика, 16 ЛЦД проектори, 20 лаптопи за наставници и администрација, 10 принтери и 11 интерактивна табла. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата. Учењето и наставата се реализира согласно новата национална концепција. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства кој ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи. Според финансиските можности и приоритети истите се обновуваат и дополнуваат.

Училишната библиотека располага со вкупно 8750 примероци на книги, односно располага со повеќе од 5 книги по ученик и тоа: 900 лектирни изданија, 300 стручна литература, 1500 странска литература, 6050 белетристика, атласи, речници, лексикони, ециклопедии и друг број на наслови 4130. Од вкупниот книжен фонд 600 се актуелни лектирни изданија и истите во целост ги задоволуваат потребите на учениците. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотекарот е ангажиран на половина од работното време (со 10 наставни часови) и библиотечната евиденција ја води во инвентарна книга и електронски. Има и два наставници кои се ангажирани во библиотеката за дополнување до полно работно време. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 8,00 до 15,00 часот. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонnаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно согласно со утврдените потреби, приоритети и финансиските можности.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

За реализирање на наставниот план и програмите училиштето има обезбедено доволен број наставници. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 35 наставници, на кои, матично им е ова училиште. Од нив 33 се вработени на неопределено работно време, двајца на определено работно време. Има двајца наставници кои надополнуваат до полн фонд часови во училиштето од други училишта. По вид на образование 33 наставници се со високо образование, двајца со завршени магистерски студии и двајца со вишо образование. По етничка припадност 34 наставници се македонци, а еден е од друга етничка припадност. Во текот на интегралната евалуација еден наставник користеше боледување и за него е обезбедена соодветна замена. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Законот за основно образование и нормативите за наставен кадар. Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Бирото за развој на образование и Министерство за образование и наука. меѓународни обуки за деца со ПОП

Вработените го почитуваат работното време, а следењето се врши со електронски картички. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.

Училиштето има стручна служба составена од еден библиотекар, педагог и дефектолог. Тие редовно даваат поддршка на наставниците во организација на наставата и го следат напредокот на учениците. Стручната служба советодавно работи со учениците и родителите и е секогаш подготвена и отворена за соработка. Стручните соработници имаат изработено програми за нивната работа во кои се опфатени соодветните активности со временска рамка за нивна реализација.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој. Идентификувањето се врши преку изјаснување на секој наставник врз основа на потребите истакнати во личниот план за професионален развој на секој наставник и стручен соработник. Потоа истите се разгледуваат на стручните активи кои изготвуваат заедничка Програма за професионален развој на наставниците. Изготвената програма за професионален развој е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето стекнато на посетените обуки. Стручната служба континуирано го следи професионалниот развој на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во професионалното досие на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. При изготвување на финансиското планирање се земаат во предвид утврдените приоритети и потребите на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, квартално добива извештај за финансиските активности на училиштето, а на крај на календарската година и детален извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на училишниот одбор.

Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго финансирање го врши локалната власт, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето обезбедува финансиски средства и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп, истите ги користи наменски, за тековно одржување, за канцелариски материјали и нагледни средства.

Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информациите поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за сите вонаставни активности.

За финансиското работење училиштето ги информира надлежните институции преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива. Постои деловник за работа на Училишниот одбор заведен под дел.бр.02-15/4 од 22.12.2020 година и истиот е усвоен од органот. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за работа на УО. Состаноците се свикуваат и одржуваат во согласност со деловникот за работа. Нема случаи на одложување/неодржување на седниците на УО поради немање кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со раководниот орган на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос. Според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа и целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето.

Раководен орган на училиштето е Директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.09-3923/6 од 26.10.2020 година од Градоначалникот на Општина Центар, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Фокусот на

работењето на директорот е на: унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на компетенциите на наставниот кадар преку обуки, доопремување на кабинетите и училниците согласно новата Концепција за образование. Особен акцент става на промовирање и учество на проекти од европска унија, преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (ЕРАЗМУС). Во рамки на активностите од ЕРАЗМУС програмата училиштето добило грант со Решение бр.23-9/4 од 06.07.20222 година донесено од Националната европска агенција, а средствата се наменети за спроведување обуки на кадарот. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање , промовирање на училиштето надвор од границите на државата , како и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

Стручните органи во училиштето работаат според изготвени програми кои се во содржани во годишната програма за работа на училиштето.

Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Работата на Советот на родители е утврдена со Правилник за работа на Советот на родители заведен под дел.бр.02-1062/7 од 20.05.2011 година и измените кон истиот заведени со бр.02-406/4 од 20.03.2009 годиина и бр.02-1041/4 од 06.10.2020 година.

### 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето се добро утврдени во програмските документи на училиштето. Тие се јасни и добро поставени во согласност со државната и локалната образовна политика. Во креирањето на мисијата и визијата во најголема мера учествуват вработените, свои предлози повремено даваат и родителите и учениците. Истите континуирано се запознаваат со нивното остварување и подобрување. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорени процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и истиот го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

## 8.1. СИЛНИ СТРАНИ

- Училишниот објект е целосно пристапен за ученици со телесни пречки во развојот;
- Остварена многу добра соработка на раководниот орган со сите структури и органи во училиштето
- Големо учество во воннаставни активности со вклученост на учениците со ПОП и голем број на освоени награди од учениците
- Организирање на голем број хуманитарни активности

## 8.2. СЛАБИ СТРАНИ

- Диференцираните прилагодени активности, учениците со ПОП главно ги реализираат самостојно со образовниот асистент, со помала вклученост на наставникот

## 8.3. ПРЕПОРАКИ

**Поголема вклученост на наставникот при изготвување и реализација на прилагодени диференцираните активности со учениците со ПОП и потешкотии во учењето**

| | |
|---|---|
| Соња Миладинова,  Раководител на инспекцискиот тим | |
| Јасмина Аврамовска, Инспектор член | |
| Зоран Ристески, Инспектор член | |